ОСНОВНИОТ СУД ВЕЛЕС како првостепен стечаен суд преку стечајниот судија Ангел Трипчев , постапувајќи во отворената стечајна постапка над стечајниот должник Друштво за производство услуги и трговија ЛАСКОВ ТРЕЈД ДООЕЛ Кавадарци во стечај, по одржаната седница на Завршно Собрание на доверители на должникот во присуство на стечајниот управник Младен Веселинов од Скопје и за доверителот РСМ, Министерство за финансии УЈП РД Прилеп преку Државен правобранител за подрачје Велес -Дејан Трајчевски од Велес, и за доверител ЕВН Македонија АД Македонија и Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје полномошник адв.Марјана Станинова од Адвокатско Друштво Поповски и Партнери од Скопје, на ден 20.03.2024 година го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

СЕ КОНСТАТИРА дека Собранието на доверители на стечајниот должник Друштво за производство услуги и трговија ЛАСКОВ ТРЕЈДЕ ДООЕЛ Кавадарци во стечај , донесе:

1. Одлука со која се потврдува Планот за конечна распределба на средства, кои влегуват во стечајната маса на стечајниот должник Друштво за производство услуги и трговија ЛАСКОВ ТРЕЈД ДООЕЛ Кавадарци во стечај

2. Одлука со која се усвојуваат завршната сметка и завршниот извештај изготвени од стечајниот управник Младен Веселинов од Скопје.

3.Одлука со која се предлага на стечајниот судија во решението за заклучување на стечајната постапка да ги задолжи доверителите да финансираат средства за понатамошно водење на соодветна кривична постапка против управителот на стечајниот должник, па должникот ДА НЕ СЕ БРИШЕ од Трговскот регистар на ЦРРСМ, а истиот да се избрише по завршувањето на соодветната постапка или доколку во определен рок не се финансираат овие средства од страна на доверителите.

## О б р а з л о ж е н и е

Со решение на овој суд СТ.бр.124/19 од 24.09.2020 година, отворена е стечајна постапка над стечајниот должник Друштво за производство услуги и трговија ЛАСКОВ ТРЕЈДЕ ДООЕЛ Кавадарци во стечај во рамките на која е одржано извештајно рочиште на кое Собранието на доверители одлучи деловниот потфат на должникот да се затвори (ликвидира) со впарничување на должниковиот имот.

Завршниот извештај со завршната сметка е доставен од страна на стечајниот управник на ден 06.02.2024 година и е депониран во стечајното досие по предметот СТ.бр.124/19 и е објавен на огласна табла на овој суд на увид на доверителите. Од страна на доверителите во законскиот рок не е поднесен приговор против Планот за конечна распределба .

Во Службен весник на РСМ бр.46 од 26.02.2024 година и во дневен весник Нова Македонија од 13.02.2024 година, на огласна табла и веб страна на на Основен суд Велес на ден 21.02.2024 година и преку е-стечај на ЦР на РСМ, објавен е оглас во кои се објавува дека се закажува завршно Собрание на доверители на стечајниот должник на ден 20.03.2024 година.

На одржаното Собрание на доверители на ден 20.03.2024 година присуствуваа доверители со утврдени побарувања од 42,70% од вкупно утврдените побарувања, и истите по разгледување и расправање по точките од дневниот ред гласаа „ЗА„ усвојување на Завршната сметка и Завршниот извештај изготвени од стечајниот управник Младен Веселинов од Скопје, усвојување на Предлог Планот за конечна распределба на

средства изготвен од стечајниот управник Младен Веселинов од Скопје, и усвојување на предлогот со кој се предлага да стечајниот судија во решението за заклучување на стечајната постапка ги задолжи доверителите да финансираат средства за понатамошно водење на соодветна кривична постапка против управителот на стечајниот должник, па должникот да не се брише од Трговскот регистар на ЦРРСМ, а истиот да се избрише по завршувањето на соодветната постапка или доколку во определен рок не се финансираат овие средства од страна на доверителите, против не гласаше никој, така што одлуките беа донесени со 100 % од доверителите со право на глас од присутните доверители на собранието.

При состојба кога вака донесените одлуки на Собранието на доверители е во согласност со законските одредби и е донесена со потребното мнозинство во смисла на чл. 47 ст. 2 в.в. со чл. 197 ст.2 од Законот за стечај, следуваше судот да одлучи како во изреката на решението, а согласно чл. 11 ст. 1 од Законот за стечај.

ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС СТ бр.124/19 од 20.03.2024 година

Стечаен судија
Ангел Трипчев

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволено е право на жалба во рок од 8 дена од објавување на огласна табла на судот, преку овој суд до Апелационен суд Скопје

ДН: стечаен управник Младен Веселинов од Скопје
доверители преку огласна табла и веб сајт на судот
ЦР на РСМ